ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 30-204/6**

**Дата: 07.03.2011**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (637) на Министерството за локална самоуправа за 2009 година.

При ревизијата беа разгледани и препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година, при што е утврдено дека поголем дел од препораките не се спроведени.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2009 година и за усогласеноста со законите и прописите е изразено негативно мислење.

Во Министерството за локална самоуправа не е воспоставена внатрешна контрола, како систем на финансиски и други контроли, вклучувајќи ги и организационата структура, методите и процедурите на работење. Невоспоставените интерните контроли го зголемуваат ризикот од незаконско и ненаменско трошење на буџетските средства. Невоспоставените внатрешни контроли придонеле во поголем број случаи да се плаќа по фактури без поткрепувачка документација или приложените фактури во сметководствената документација да не се оригинални.
За надминување на утврдените слабости ревизијата препорачува изготвување на пишани процедури со разграничени надлежности и одговорности на вработените во процесот на плаќање, особено во делот на обезбедување целосна документација заради потврда на реалноста на набавката на стоки, услуги и работи.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________ ______________________

*2.* ______________________

Во Министерството за локална самоуправа во текот на 2009 година повеќе од половината од средствата на буџетот се потрошени за тековни расходи и по вонсудска спогодба (54%), близу половината (45%) се потрошени за плати и само 2% за капитални расходи.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 17 до 19 заедно со ревизија на усогласеност на финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Министерството за локална самоуправа, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основниот буџет (637) на Министерството за локална самоуправа за 2005 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основниот буџет (637) на Министерството за локална самоуправа под 31 декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2005 година е изразено мислење со резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Муса Џафери – министер за локална самоуправа во 2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека

активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со важечката законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со важечката законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Министерството за локална самоуправа се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со важечката законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел

да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. е планирана и извршена во периодот од 03. до 25.11.2010 кај Министерството за локална самоуправа од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките.

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година.
При тоа е утврдено дека не се спроведени препораките дадени за подобрување на системот на интерни контроли, преку изготвување на пишани процедури со јасно разграничени надлежности и одговорности во финансиското работење (точка 12.1).
Спроведена е препораката за утврдување на реалната вредност на возилата во сопственост на Министерството (точка 12.2.2)
Нема доказ дека Министерството за локална самоуправа извршило евидентирање на капиталните инвестиции за објектите финансирани со средства од продажбата на Телеком и по нивното завршување пренос до крајниот корисник. (12.2.3.)

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на 30.12.2010 година.

На ден 21.02.2011 година, примени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, број 12-204/1 од 18.01.2011 година од Министерот на Министерството за локална самоуправа. Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не претставуваат забелешки туку известување за преземени мерки по препораките на ревизијата. Поради напред наведеното како и поради фактот што забелешките не содржат нови докази не се врши измена на констатациите изнесени во Нацрт извештајот.
Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Интерни контроли**

4.1.1. Во Министерството за локална самоуправа не е воспоставен и не функционира систем на интерни контроли во процесот на плаќање. Не се донесени пишани процедури со разграничени надлежности и одговорности на вработените при плаќањата на набавени стоки, извршени услуги и работи.
Утврдени се повеќе случаи на плаќања без комплетна финансиска документација, а во документацијата дел од фактурите не се оригинални (приложена е фотокопија).
Воспоставувањето на контролни системи овозможува извршување на активностите на транспарентен, регуларен, економичен, ефикасен и ефективен начин.
Нефункционирањето на интерните контроли создава ризик од плаќања по некомплетна документација и повисоки расходи.

**Препорака:**
Министерот на Министерството за локална самоуправа да иницира изготвување на пишани процедури со разграничени надлежности и одговорности на вработените во процесот на плаќање, особено во делот на обезбедување целосна документација заради потврда на реалноста на набавката на стоки, услуги и работи. Со пишаните процедури да се дефинира постапката за набавка на стоки и услуги од моментот на утврдување на потребата од набавка, до моментот на плаќање.

**4.2. Усогласеност со закони и прописи**

4.2.1. Министерството за локална самоуправа е сместено во простории во административно деловен објект, доделен со Одлука на Владата на Република Македонија за давање на користење на недвижна ствар.
Министерството за локална самоуправа нема установено и не води внатрешна евиденција на добиениот деловен простор на користење во согласност со одредбите на членот 86 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи. Не е утврдена вредноста на деловниот простор и во сметководствената евиденција не е евидентирана вредноста на делот од зградата што ја користи Министерството. Нема обезбедено имотен лист.
Министерството за локална самоуправа нема доставено до Агенцијата за катастар на недвижности податоци за сметководствената вредност на недвижните ствари со состојба на 31 декември во тековната година согласно членот 88 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

**Препорака:**
Министерот на Министерството за локална самоуправа да иницира постапка за установување и водење внатрешна евиденција на добиениот деловен простор на користење.

**4.3. Финансиски извештаи**

**Биланс на приходи и расходи**

4.3.1. Во поголем број случаи, во вкупен износ од 709 илјади денари со ревизијата се утврдени плаќања по фактури без поткрепувачка документација или приложените фактури во сметководствената документација не се оригинални (142 илјади денари). Овие плаќања се однесуваат за следните намени:

- горива и масла за службените возила во износ од 163 илјада денари, кои се исплаќани само врз основа на приложени сметки за гориво. За користење на службените возила не се користи налог за користење на возилото од кои може да се утврди целта на патувањето, односно нема документ како основа за контрола и од кој може да се види кој, кога и каде го користел службеното возило,
- ситен инвентар и други материјали во износ од 162 илјади денари, за монтажа на телефонска централа и нови картици во телефонска централа и селење на системот за евиденција на работно време со комплетно програмирање и внесување на картици во системот за евиденција на

работно време, за кои работи нема работен налог и потврда (авторизација) од вработен во министерството дека работата е извршена,
- поправки и сервисирање на возила во износ од 161 илјади денари и одржување на компјутерска опрема во износ од 61 илјади денари, за кои нема работен налог или потврда (авторизација) од вработен во министерството дека работата е извршена, и
- авторски договори во износ од 162 илјади денари за кои нема извештај за извршените активности од лицата ангажирани преку авторски договори.

Причина за ваквите состојби е непостоење на внатрешни контроли и немање пишани процедури во процесот на плаќање.

Плаќањата врз основа на документација која не е комплетна не е во согласност со членот 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, според кој евидентирањето во сметководството се врши на основа веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи. Со тоа се зголемува ризикот од ненаменско и незаконско користење на буџетските средства.

4.3.2. Од ставката Поправки и тековно одржување во 2009 година се платени трошоци во вкупен износ од 145 илјади денари за поправка на три возила оштетени во сообраќајна незгода (Ланд Ровер-фрееландер ЛН, Ауди А-4 и Сеат Ибица). Не се преземени мерки за наплата на средствата кои ги признаваат осигурителните компании, со оглед дека возилата биле осигурани од авто одговорност кон трети лица, ниту пак е утврдена евентуална одговорност на лицата во Министерството кои учествувале во сообраќајната незгода.
На ревизијата не и беше доставен записник за сообраќајните незгоди од надлежен орган, како потврда на настанатите штети.
Со ваквото постапување се придонесува за искажување на повисоки трошоци.

**Препорака:**
Во случај на оштетување на возилата во сопственост на Министерството, задолжително да се поведе постапка за утврдување на причините за незгодата и надомест на штета од осигурителната компанија.

4.3.3. Извршено е плаќање за набавка и испорака на четири учебници на македонски јазик од реномирани странски автори во областа на локалната самоуправа во тираж од по 1000 примероци, во износ од 2,215 илјади денари. Насловот на учебниците, авторот, единечната мера, количината, цената, рокот на испорака и другите услови се дефинирани во понудата.

Согласно договорот, добавувачот е обврзан да изврши регулирање на авторските права со странските автори со писмен договор кој треба да го достави до Министерството за локална самоуправа. Таков договор е приложен само за една книга (од вкупно шест согласно договорите). Во Министерството немаат сознанија дали се склучени договори за регулирање на авторските права, што може да резултира со дополнителни обврски за авторски права.
Трите книги се набавени од еден економски оператор и е потпишан записник за примопредавање, а за четвртата нема доказ дека е извршен прием. Во една просторија во Министерството за локална самоуправа се сместени книгите. Точниот број не се знае бидејќи нема приемница, не е извршен попис на крајот на 2009 година и не е извршено сметководствено евидентирање на книгите. Чувањето на книгите во просториите на Министерството ја доведува во прашање оправданоста на набавката на учебниците и наменското користење на средствата.

**Препорака:**
Министерот на Министерството за локална самоуправа да:
- задолжи лица за утврдување на состојбите во однос на договорите за авторски права;
- да организира утврдување на бројната состојба и распределба на учебниците кои се чуваат во просториите на Министерството.

4.3.4. Во 2009 година за репрезентација вкупно се платени 1,020 илјади денари. Кај поголемиот дел од фактурите нема опис на основот за плаќање, а кај дел, нема прилог спецификација од која може да се потврди датата на извршената услуга.
Утврдено е дека:
- На еден добавувач за угостителски услуги по пет фактури се платени 236 илјади денари. Кон фактурите има прилог сметки, меѓутоа, не е можно да се утврди датата на направениот промет (дали се однесува на еден или повеќе денови), нема опис за кого и по кој повод се плаќањата.
- На четири добавувачи за угостителски услуги се платени 510 илјади денари. Кон фактурите се приложени сметки по денови (за одредени денови има повеќе сметки), во најголем дел авторизирани од министерот и заменикот, но и други лица вработени во Министерството. Секојдневното плаќање на угостителски услуги без наведена намена не е регулирано во Решението за користење средствата наменети за репрезентација.
- На повеќе добавувачи се платени трошоци по фактури за угостителски услуги во износ од 274 илјади денари во кои нема опис за кого и по кој повод се плаќањата.

Плаќањата за кои не може да се утврди намената и корисникот на услугата создава ризик од ненаменско и неекономично трошење на буџетските средства.

**Препорака:**
Во Решението за користење средства наменети за репрезентација да се вклучи обврска за приложување на комплетна документација кон фактурите за угостителски услуги со опис за кого и по кој повод се плаќањата.

**Биланс на состојба**

4.3.5. Извршениот попис на средствата и нивните извори не е извршен во целост и во согласност со одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници поради следното:

- Извршен е физички попис на опремата, меѓутоа, не е извршено вредносно усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажана во сметководството, со фактичката состојба утврдена со пописот, што не е во согласност со одредбите на членот 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
- Во пописните листи за дел од опремата нема искажано вредност, нема збирови и нема изготвено рекапитулација на пописните листи.
- Пописната комисија нема изготвено пописна листа за возилата сопственост на Министерството, односно не е потврдена нивната фактичка состојба. Во материјалната евиденција на постојаните средства се евидентирани шест возила сопственост на Министерството за локална самоуправа, во текот на 2009 година извршени се плаќања за регистрација на четири возила, за колку и што се приложени сообраќајни дозволи. Министерството нема документација за состојбата/локацијата на едно од возилата (има сознание дека уште во 2006 година поради тешки оштетувања, е заменето од страна на сервисерот со ново во вредност на надоместокот од осигурителното друштво), меѓутоа, нема документ за потврда на извршената трансакција. За едно од возилата кое подолг период е на поправка на ревизијата и беше презентирана изјава како доказ дека истото е кај сервисер.
- Во Извештајот за извршениот попис е искажана вкупната вредност на побарувањата на крајот на 2009 година, додека состојбата на обврските не е искажана. Пописната комисија не извршила попис на побарувањата и обврските во согласност со Правилникот (член 31-в), односно не е утврдена правната основа за постоење на побарувањата и обврските и старосната структура.
- Кон Извештајот за извршениот попис се дадени два прилога: Решение за бришење на потрошен материјал од листинг основни средства и Решение за отпис на основните средства, со потпис од министерот како одговорно лице. Во решенијата Комисијата предлага бришење на потрошен материјал и

расходувањето на опремата, меѓутоа, не е утврдено дали постои одговорност за опремата за која е оценето дека е неупотреблива. Овие решенија во финансиските извештаи за 2009 година не се спроведени.

- За набавена информатичка опрема (два преносливи компјутери) не се задолжени одредени лица.

Ваквиот начин на постапување придонесува за нереално искажување на состојбите во сметководството и изготвување на финансиски извештаи кои нереално ја прикажуваат состојбата на средствата и изворите на средствата.

**Препорака:**

- Министерот на Министерството за локална самоуправа да спроведе постапка за утврдување на реалната состојба на возилата, а за возилото кое недостасува да покрене постапка пред надлежниот орган.
- За опремата која се дава на користење на одредени лица, да се изготвува реверс со кој тие лица се задолжуваат со конкретната опрема.
- Министерството за локална самоуправа при вршење на пописот во целост да ги применува одредбите на членовите 29 до 34 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, што опфаќа вршење на попис на сите средства и извори и начинот на вршењето на попис на одделни видови средства и обврски, содржината на решението за формирање комисија за попис, работите што треба да ги изврши комисијата, содржината на извештајот за извршениот попис и постапувањето по него.

4.3.6. На ставката Краткорочни побарувања од вработените на 31.12.2009 година се евидентирани побарувања во вкупен износ од 306 илјади денари, за дадени аванси на вработените за службени патувања во земјата и странство и гориво. Дел од невратените аванси потекнуваат од претходните години, почнувајќи од 2006 година.

Невраќањето на авансите од страна на вработените не е во согласност со одредбите на член 24 од Општиот колективен договор за јавниот сектор и член 24 од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци, каде е уредено дека враќањето на овие средства се врши во рок од три работни дена (во земјата) и седум дена (во странство) од денот кога службеното патување е завршено.

Во 2009 година Министерството за локална самоуправа нема преземено мерки за наплата на овие побарувања.

Непреземањето на мерки за наплата на побарувањата придонесува за зголемени трошоци по основ на службени патувања во земјата и во странство.

Во јули 2010 година Министерството за локална самоуправа доставило известувања за враќање на авансите до лицата од кои има побарувања за дадени

аванси. Мал дел од авансите се вратени, додека денарските и девизните аванси во вкупен износ од 229 илјади денари до завршување на ревизијата не се вратени.

**Препорака:**
Министерството за локална самоуправа да преземе мерки за присилна наплата на побарувањата за денарски и девизни аванси кои потекнуваат од минати години.

**4.4. Користење на средствата согласно законски прописи**

Во однос на спроведување на постапките за јавни набавки ревизијата го утврди следното:

4.4.1. Министерството за локална самоуправа не постапува во согласност со одредбите на член 103 од Законот за јавни набавки согласно кој:

- договорниот орган е должен да води евиденција на постапките со барање за прибирање на понуди, и
- да доставува примерок во електронска форма од оваа евиденцијата на постапките со барање за прибирање на понуди до Бирото за јавни набавки најдоцна до 31 јули и до 31 јануари за договори за јавни набавки склучени во претходните 6 месеци.

4.4.2. Согласно добиената информација за работа на комисијата за јавни набавки во Министерството за локална самоуправа во 2008 година е спроведена постапка за набавка на 10 учебници, со отворен повик. Склучени се договори со тројца економски оператори во вкупна вредност од 5,468 илјади денари, за кои во текот на 2009 година се извршени плаќања во износ од 2,862 илјади денари (647 илјади денари се платени преку сметката за самофинансирачки активности). До завршување на ревизијата документацијата за оваа постапка не е доставена (одлука за набавка, оглас, записник од отварање на понуди, извештај за евалуација, одлука за избор на најповолен понудувач, финансиска понуда), а се доставени склучените договори, како и документите за лична, техничка и професионална способност на тројцата понудувачи), така што, ревизијата не изразува мислење за регуларноста во спроведувањето на оваа постапка.

4.4.3. Во неколку случаи постапките за јавни набавки се спроведени по завршување на набавката:
За реконструкција на кабинетот на министерот во 2009 година се потрошени 829 илјади денари за што се спроведени три постапки со прибирање на понуди без објавување на оглас:

- за градежно занаетчиски работи во вредност од 195 илјади денари,
- за набавка на ПВЦ прозорци во вредност од 272 илјади денари,
- за набавка на мебел во вредност од 362 илјади денари.

Во сите три случаи договорот за набавка е склучен по извршување на работата. Датата на фактурата е пред датата на сите документи од постапката, вклучувајќи го и договорот.

Во договорот има одредба согласно која квантитативен и квалитативен прием на извршената работа/набавена стока, врши договорниот орган со документ (испратница) потпишана од двете договорни страни. Таков документ не е прилог кон фактурите, така што нема потврда за извршената работа и набавената стока.

4.4.4. При евалуација на понудите не се применува метологијата за изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови, иако, во сите случаи избран е најповолниот понудувач. Бодирањето (математички) не е точно, меѓутоа, не влијае на ранг листата (ранг листата е точна).

4.4.5. Спроведена е јавна набавка за избор на Агенција за привремено вработување. Во Одлуката за јавна набавка е предвидена постапка Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас, а е спроведена Барање за прибирање на понуди без објавување на оглас (нема потврда за објавен оглас од БЈН, има покани за поднесување понуди).

Доставени се пет понуди од кои во три нема понуда за вториот критериум (рок на исплата на плата) , што значи не ги исполнуваат тендерските услови, односно овие понуди се неприфатливи, а е вршена евалуација на сите пет.

Не е применета Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови во однос на цената.

Избран е понудувачот кој понудил провизија 2,98%, а во договорот што е склучен, провизијата изнесува 3,5%. Најниската понудена провизија на овој добавувач е одлучувачка во извршениот избор и обезбедената работа, ако се има предвид дека уште двајца понудувачи понудиле провизија од 3,5%. Согласно членот 165 од Законот за јавни набавки, договорниот орган го склучува договорот за јавна набавка со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна врз основа на техничката и на финансиската понуда.

4.4.6. Спроведена е постапка за јавна набавка за повеќе активности (стратегија, акционен план) во врска со децентрализацијата во Република Македонија. За договорените работи во јуни 2009 година е исплатен аванс од 50% од вкупната договорена вредност, што не е во согласност со членот 49 од Законот за јавни набавки. Работата е завршена во септември за што е доставен Финален извештај за реализирани активности.

4.4.7. Не се спроведени постапки за јавна набавка во вредност од 1,676 илјади денари, односно за истите не е презентирана документација за спроведена постапка на ревизијата (Прилог број 3).

Спроведувањето на постапки за јавни набавки кои не се во согласност со одредби на Законот, како и неспроведувањето на постапки влијае на обезбедување фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност.

**5. Ревизорско мислење**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.3.3., 4.3.5. и 4.3.6. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основниот буџет (637) на Министерството за локална самоуправа на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2., 4.3. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основниот буџет (637) на Министерството за локална самоуправа за 2009 година, не се во согласност со важечката законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**6. Нагласување на прашања за неизвесност**

Обрнуваме внимание дека во конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за локална самоуправа за 2005 година за сметката на основниот буџет е истакнато дека Министерството за локална самоуправа е тужена странка во судски спор за објект за водоснабдување на општина Тетово во износ од 78.454 илјади денари. За овој судски спор во Министерството немаат сознанија дали е завршен или сеуште е во тек.
Од страна на Министерството за локална самоуправа е испратено писмено барање до Државното правобранителство со барање на список на сите тековни предмети, со податоци за нивниот статус, основот на судскиот спор и нивната вредност.
Согласно добиеното известување од Државното правобранителство Министерството за локална самоуправа е тужена страна во судски спорови со повеќе правни и физички лица чиј износ не е можно да се квантифицира поради неутврдени вредности кај дел од нив.

Истовремено, Министерството за локална самоуправа е тужител во неколку судски спорови.
Во моментов, конечниот исход по ова прашање не може да се утврди и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

Скопје, 01.03. 2011 година

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________ ______________________

*2.* ____________________________

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2009** | **2008** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 37.919 | 96.472 |
| **Вкупно приходи** | | **37.919** | **96.472** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 17.088 | 16.045 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 15 | 30 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 15.421 | 16.597 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 4.553 | 63.051 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **37.077** | **95.723** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 842 | 749 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **842** | **749** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **37.919** | **96.472** |

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од купувачите | 4.1.1. | 305 | 329 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 1.923 | 1.617 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2.228** | **1.946** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 4.094 | 5.221 |
| **Вкупно постојани средства** | | **4.094** | **5.221** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **6.322** | **7.167** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 444 | 235 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 1.479 | 1.381 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 305 | 330 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **2.228** | **1.946** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1 | 4.094 | 5.221 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **4.094** | **5.221** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **6.322** | **7.167** |

Образложенијата од страна 18 до 27 се составен дел на финансиските извештаи

Државен завод за ревизија

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________ ________________________

*2.* ______________________________

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА
ЗА 2009 ГОДИНА

| | **во 000 денари** |
|---|---:|
| О П И С | **Државен јавен капитал** |
| | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **5.221** |
| | |
| **Зголемување по основ на:** | **754** |
| | |
| Набавки | 647 |
| Пренос од Сметка 787 | 107 |
| | |
| **Намалување по основ на:** | **1.881** |
| Амортизација | 1.881 |
| | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **4.094** |

**Министерство за локална самоуправа**

Архивски број 05-4371/,
Дата: 17.02.2011

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 21.02.2011 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 28 | 204/5 | | |


Министерство за локална самоуправа

Мито Хаџивасилев
Јасмин б.б,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3253 921
Факс: (02) 3253 920
Е-пошта:
Веб страна:www.mls.gov.mk


ДО :
ОВЛАСТЕН ДРЖАВЕН РЕВИЗОР
Г-ѓа Лилјана Стојанова

**ПРЕДМЕТ:** Забелешки на Нацрт – извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година

Почитувана г-ѓа Стојанова,

Министерството за локална самоуправа на Република Македонија благовремено во предвидениот рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Нацрт – извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година Ве известува за следните забелешки.

**Препорака:**

Министерот на Министерството за локална самоуправа да иницира изготвување на пишани процедури со разграничени надлежности и одговорности на вработените во процесот на плаќање, особено во делот на обезбедување целосна документација заради потврда на реалноста на набавката на стоки, услуги и работи. Со пишаните процедури да се дефинира постапката за набавка на стоки и услуги од моментот на утврдување на потребата од набавка, до моментот на плаќање.

**Наод 4.1.1.**

**Забелешка:**

Министерството за локална самоуправа во текот на месец февруари 2011 година пристапи кон изработка на одредени пишани процедури во процесот на плаќање, а вклучително и пишани процедури за разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените во постапките на јавни набавки. Бидејќи процесот на нивна изработка бара подолг временски период, дополнително ќе бидете известени за изготвените интерни процедури.

**Препорака:**

Министерот на Министерството за локална самоуправа да иницира постапка за установување и водење внатрешна евиденција на добиениот деловен простор на користење.

**Наод 4.2.1.**

**Забелешка:**

Министерството за локална самоуправа достави барање до Агенцијата за Катастар на недвижности за издавање на имотен лист, како и испрати барање до Службата за општи и заеднички

работи задолжена за водење на сметководството на Министерството за локална самоуправа за доставување на вредност на недвижен имот со цел вредноста да биде сметководсвено евидентирана од страна на сметководството задолжено за Министерството за локална самоуправа во рамки на Службата за општи и заеднички работи.

Прилог 1.: Копија од Барање до Агенција за катастар на недвижности

Прилог 2.: Копија од Барање до СОЗР

Прилог 3.: Копија од Имотен лист

**Препорака:**

Во случај на оштетување на возилата во сопственост на Министерството, задолжително да се поведе постапка за утврдување на причините за незгодата и надомест на штета од осигурителната компанија.

**Наод 4.3.2.**

**Забелешка:**

Министерството за локална самоуправа е во тек со поднесеното барање до Министерството за внатрешни работи за утврдување на настаната штета на двете возила (2007-2008 година) оштетени во собраќајна незгода и очекува одговор за да отпочне постапка за рефундирање на средства под автоодговорност. За едното возило во прилог Ви доставуваме Копија од Записник за извршен увид на местото на настанот бр.2741.

Прилог 4.: Копија од Записник за извршен увид на местото на настанот.

Прилог 5.: Копија од Барање за Записници за сообраќајни незгоди.

**Препорака:**

Министерот на Министерството за локална самоуправа да:

-задолжи лица за утврдување на состојбите во однос на договорите за авторски права;

-да организира утврдување на бројната состојба и распределба на учебниците кои се чуваат во просториите на Министерството.

**Наод 4.3.3.**

**Забелешка:** Министерот за локална самоуправа задолжи лица од Министерството за утврдување на состојбите во однос на договорите за авторски права, а кои обезбедија копии од договорите за регулирани авторски права од трите издавачки куќи: Магор, Академски печат и Табернакул. Со пописот за 2010 година, пописната комисија во Министерството за локална самоуправа ја утврди бројната состојба на учебниците, односно констатира состојба од 8000 учебници.

Прилог 6.: Копија од Задолжение

**Препорака:**

Во решението за користење на средства наменети за репрезентација да се вклучи обврска за приложување на комплетна документација кон фактурите за угостителски услуги со опис за кого и по кој повод се плаќањата.

**Наод 4.3.4.**

**Забелешка:**

Министерството за локална самоуправа изготви Решение за дополнување на Решението за користење на средства наменети за репрезентација.

Прилог 7.: Копија од Решение за користење на средства наменети за репрезентација

**Препорака:**

-Министерот на Министерството за локална самоуправа да спроведе постапка за утврдување на реалната состојба на возилата, а за возилото кое недостасува да покрене постапка пред надлежен орган.

-За опремата која се дава на користење на одредени лица да се изготвува реверс со кој тие лица се задолжуваат со конкретната опрема.

-Министерството за локална самоуправа при вршење на пописот во целост да ги применува одредбите на членовите 29 и 34 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, што опфаќа вршење на попис на сите средства и извори и начинот на вршењето на попис на одделни видови средства и обврски, содржината на решението за формирање на попис, работите што треба да ги изврши комисијата, содржината на извештајот за извршениот попис и постапувањето по него.

**Наод 4.3.5.**

**Забелешка:**

Министерството за локална самоуправа е во фаза на изготовка на реверс за возила со кој лицата се задолжуваат со конкретните возила кои им се даваат на користење. Исто така, во завршна фаза е изготовката на реверс на опремата со кој лицата се задолжуваат со конкретната опрема која им се дава на користење. Министерството за локална самоуправа при вршење на пописот за 2010 година во целост ги примени одредбите на членовите 29 и 34 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, а кој е завршен и прокнижен.

Прилог 8: Копија од Барање податоци за преглед на возила

**Препорака:**

Министерството за локална самоуправа да преземе мерки за присилна наплата на побарувањата за денарски и девизни аванси кои потекнуваат од минати години.

**Наод 4.3.6.**

**Забелешка:**

Министерството за локална самоуправа покрена постапка за присилна наплата на побарувањата за денарски и девизни аванси кои потекнуваат од минати години.

Прилог 9.: Копија од Барање податоци

**Наод 4.4.1.**

-договорен орган е должен да води евиденција на постапките со барање за прибирање на понуди, и

-да доставува примерок во електронска форма од оваа евиденција на постапките со барање за прибирање на понуди до Бирото за јавни набавки најдоцна до 31 јули и 31 јануари за договори за јавни набавки склучени во претходните 6 месеци.

**Забелешка:**

За последните 6 месеци (јули-декември 2010 година) е постапено по член 103 од Законот за јавни набавки.

Доколку имате потреба од дополнителни информации и документи по однос на нашите забелешки, истите ќе Ви бидат доставени на увид.

Прилози:

Прилог 1.: Копија од Барање до Агенција за катастар на недвижности

Прилог 2.: Копија од Барање до СОЗР

Прилог 3.: Копија од Имотен лист

Прилог 4.: Копија од Записник за извршен увид на местото на настанот.

Прилог 5.: Копија од Барање за Записници за сообраќајни незгоди

Прилог 6.: Копија од Задолжение

Прилог 7.: Копија од Решение за користење на средства наменети за репрезентација

Прилог 8: Копија од Барање податоци за преглед на возила

Прилог 9.: Копија од Барање податоци

Со почит,

**МИНИСТЕР**
Musa Xhaferri

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА СКОПЈЕ

ПРИЛОГ 2

**ОДГОВОР**
**на забелешки по констатациите од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година кај Министерството за локална самоуправа**

На Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Министерството за локална самоуправа за 2009 година на – Сметка на основен буџет (637), добиени се забелешки од Министерот на Министерството за локална самоуправа, под број 05-437/1 од 17.02.2011 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 28-204/5 од 21.02.2011 година.

Забелешките се доставени во законски утврдениот рок.

Забелешките се однесуваат на наодите од точките: 4.1.1., 4.2.1., 4.3.2., 4.3.3., 4.3.4, 4.3.5., 4.3.6., и 4.4.1. По нивно разгледување е утврдено дека тие претставуваат информација за преземени мерки од страна на Министерството во однос на дадените препораки, така што не се прифаќаат како забелешки на дадените наоди. Приложените документи кон забелешките се доказ за преземените мерки, без влијание на утврдените состојби.

Забелешката на наодот од точка 4.1.1. кој се однесува на невоспоставен систем на интерни контроли **не се прифаќа** од причина што не претставува забелешка по наодот, туку се дава објаснување за преземените мерки по завршување на ревизијата.

Забелешката на наодот од точката 4.2.1. кој се однесува на неевидентирањето на административно деловен објект во кој е сместено Министерството и недоставување податоци до Агенцијата за катастар на недвижности **не се прифаќа** од причина што не претставува забелешка по наодот, туку претставува објаснување за преземените мерки по завршување на ревизијата. Министерството обезбедило имотен лист и е во фаза на постапување по препораката од ревизијата.

Забелешката на наодот од точката 4.3.2. кој се однесува на непреземени мерки за наплата на средствата кои ги признаваат осигурителните компании **не се прифаќа** од причина што со забелешката не се доставени дополнителни релевантни докази за менување на дадениот наод, туку објаснување за преземените мерки по завршување на ревизијата. Министерството се обратило писмено до Министерството за внатрешни работи за добивање на податоци за настанатите сообраќајни незгоди во кои учествувале возила сопственост на

Министерството во насока на расчистување на состојбите и надоместување на настанатите штети.

Забелешката на наодот од точка 4.3.3. кој се однесува на набавката и чувањето на учебници од реномирани странски автори во областа на локалната самоуправа **не се прифаќа** од причина што нема карактер на забелешка, туку известување за преземените мерки во текот на 2011 година. При вршење на пописот за 2010 година е извршен попис на учебниците од реномирани странски автори во областа на локалната самоуправа.

Забелешката на наодот од точка 4.3.4. што се однесува на користењето на средствата за репрезентација **не се прифаќа**, од причина што претставува објаснување за преземената мерка по ревизијата во однос на измените и дополнувањата на актот со кој се регулираат овие трошоци.

Забелешката на наодот од **точка 4.3.5.** што се однесува на извршениот попис, состојбата на возилата и користењето на опремата **не се прифаќа**, од причина што нема карактер на забелешка по дадениот наод, туку известување дека во 2011 се преземени мерки за постапување по препораките.

Во забелешката на наодот од **точка 4.3.6.** која се однесува на невратените аванси за службени патувања, дадено е известување дека Министерството за локална самоуправа, во текот на 2011 година има започнато постапка за присилна наплата на побарувањата. Ова значи дека објаснувањето нема карактер на забелешка по наодот туку преставува известување за започнати активности, поради што, **не се прифаќа**.

Забелешката на наодот од **точка 4.4.1.** која се однесува на начинот на водење на евиденција на јавните набавки и известувањето на Бирото за јавни набавки, **не се прифаќа**, од причина што нема карактер на забелешка по наодот, туку се работи за известување дека е спроведена дадената препорака.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________